СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Дваесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 септември 1995 година

Скопје, септември 1995 година

**25 СЕДНИЦА, II ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 20/II.1995 ГОДИНА**

1. АНДОВ СТОЈАН 1
2. АТАНАСОВ ЃОРЃИ 22, 23
3. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР 45
4. ИВАНОВ РИСТО 19, 20
5. КОТЕВСКИ СЛАВКО 13
6. ОСМАНИ РУФИ 43, 45
7. ПОПОВСКИ НИКОЛА 2
8. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА 21
9. ТАНТАРОВ ВЕЉО 16

Т.4-стр.1, Т.5-стр4, Т.6-стр7, Т.7-стр.9,
Т.8-стр.12, Т.9-стр.13, Т.10-стр.23, Т.12-стр.27,
Т.13-стр.29, Т.14-стр.30, Т.6-стр.30, Т.15-стр.31,
Т.16-стр.32, Т.17-стр.33, Т.18-стр.34, Т.19-стр.35,
Т.20-стр.36, Т.21-стр37, Т.22-стр39, Т.23-стр.40,
Т.24-стр.41, Т.25-стр.42, Т.26-стр.43, Т.27-стр.47,
Т.28-стр.49, Т.29-стр50, Т.30-стр.51, Т.31-стр.52,
Т.32-стр.52, Т.33-стр53,

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 септември 1995 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа со Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Киро Поповски,Љубомир Чадиковски, Санде Џамбазовски, Здравко Стојковски, Јане Ангеловски, Милчо Трајков, Илинка Митрева, Благоја Филиповски, Драган Митевски и Панче Насев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија побара од оваа седница да се одложи разгледувањето на Предлогот за донесување на Закон за високото образование поради отсуство на министерот за образование и физичка култура.

Преминуваме на **четвртата точка** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Холандија за уредување на договорните состојби помеѓу Република Македонија и Кралството Холандија,со Предлог на закон.

I/2 ЛП/НД

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Собранието треба да донесе Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Кралството Холандија. Според мене, мислам дека денес треба Собранието да ја одложи расправата и да ја симне точката од дневен ред, не знам како тоа процедурално би се уредило од следниве причини и да препорача на една од наредните седници повторно да се гледа а во меѓувреме Комисијата за надворешна политика и Законодавно - правната комисија уште еднаш да го разгледаат донесувањето на закон за ратификација на оваа спогодба од следниве причини:

Прво, Владата предлага со овој закон Македонија да ги преземе како свои некои од спогодбите кои ги има склучено поранешната СФРЈ со Кралството Холандија. Мислам дека тука може да се појави едно двојство заради тоа што со Уставниот закон веќе имаме преземено,во нашиот правен систем овие спогодби наши со Кралството Холандија се уредени како дел од нашиот правен поредок и не гледам сега зошто повторно со закон би ги ратификувале, кога веќе со Уставниот закон од наша страна се преземени, можеби би требало да се оди по обратен ред, оние кои не ги преземаме со Кралството Холандија да ги прогласиме какао спогодби кои прекинуваат со важност и евентуално да потпишуваме нови.

Второ, мислам дека не би било добро Собранието на Република Македонија со закон да ратификува дефакто ноти меѓу две министерства за надворешни работи, на Македонија и на Кралството Холандија, кои мислам и според текстот во кој нотите се презентирани не заслужуваат ова Собрание да ги ратификува со закон. Сепак, или да добиеме од Владата некакви информации или некакви уверувања дека таква пракса треба да се преземе, едноставно ноти во кои има реченици кои можат да бидат и одвишни ние да ги ратификуваме по пат на закон и дека едноставно тоа може да се уреди со потпишување меѓусебна спогодба за продолжување на некои договори или за непродолжување на некои договори помеѓу поранешната Југославија и Холандија за важење во Република Македонија по нејзиното осамостојување.

Трето, мислам дека треба Комисијата за надворешни работи, по едно посериозно разгледување на овој предлог од страна на Владата, особено во некои договори кои Владата предлага да ги преземеме како наши, од надворешно политички аспект да преиспита дали е потребно овие спогодби наново да се потпишат помеѓу Македонија и Холандија, па макар и во истата содржина, отколку да ги преземеме веќе по четврт* пат како спогодби наследени во одделни државно правни заедници кои на оваа територија или надвор од оваа територија на денешна Република Македонија имале правно дејство уште во 19 век, на држави во чиј состав не била Република Македонија или била Република Македонија, меѓутоа не по своја волја, односно како окупациона зона на одредени држави кои склучувале договори и дали ние од тој аспект би било добро да ги преземаме и понатаму во нашиот правен поредок.

Од сите овие причини предлагам уште еднаш овие две комисии и да ја разгледаат точката и да оценат дали има потреба од донесување на ваков закон или ако има потреба, дали во ваква форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам сега да престанеме со расправа по овој Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија, бидејќи овластениот претставник овде на Владата господинот Стево Црвенковски, министер за надворешни работи не е во состојба да присуствува, но се знаеше дека тој нема да биде во состојба сега да присуствува, па Владата одреди нов претставник. Меѓутоа, господинот Владо Поповски, министер за правда кој е овластен токму денес на седница на Владата, денес ги обработува амандманите на Законот за локална самоуправа. Јас предлагам да престанеме со оваа точка. Вистина, оправдани причини има, што луѓето кои треба да ја претставуваат Владата овде не се и за тоа, во тој случај, да не расправаме понатаму. Сега еве ме известија дека не може да дојде господинот Поповски.

Преминуваме на Петтата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за меѓународен патен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција, со Предлог на закон.

Јас ве молам, денес Владата работи по многу суштински предлози кои исто така се врзани за Собранието и затоа, покрај чекањето не успеавме пак да ги усогласиме сите работи.

Тука е присутен овластениот претставник на Владата.

Отворам општ претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за меѓународен патен сообраќај меѓу

Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција.

Кој е за, молам да крене рака? 60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Молам да се утврди дали имаме повеќе од 60 пратеници присутни во салата, бидејќи 60 пратеници гласаа за.

(По пребројувањето на присутните пратеници во салата)

Добро, сега се гледа дека не гласале 10 пратеници од присутните.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на називот на законот и на член 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на називот на законот и на член 1 поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Димитар Бузлевски, министер за сообраќај и врски.

**ДИМИТЕР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

1 пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на називот на законот и на член 1 поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

69 пратеници гласаа. за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација Спогодбата за меѓународен патен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција.

Преминуваме на **<u>Шестата точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за научна и технолошка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина, со Предлог на закон.</u>

Нам ни е најавено дека за овие точки, каде што по писмен пат сме известени кој е овластен претставник на Владата, а се од меѓународната област, е најавено за повеќе од нив дека на Владата е одлучено да биде господинот Димитар Бузлевски. Сега тој треба да кажува по кои точки е овластен. Мора да има изјаснување.

Вака е одлучено од проста причина што двајцата претставници не се тука господинот Стево Црвенковски е спречен а госпоѓата Софија Тодорова се уште не е стигната од службен пат од странство.

За ова стана збор и дали сега сте овластени вие?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (од место)

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на сонот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон ратификација на Спогодбата за научна и технолошка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина.

Кој е за, молам да крене рака?

75 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?

75 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за надворешна политика поднесен амандман на член 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Димитар Бузлевски, министер за сообраќај и врски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што станува збор за прецизирање и усогласување на член 1, Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме по претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, која бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (76)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на спогодбата за научна и техничка соработка помеѓу Владата на Република Македонија на Владата на Народна Република Кина

Минуваме на **точка седум** - Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за туристичка соработка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

I/10.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон со ратификација на спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за туристичка соработка.

Кој е за молам да крене рака? (83)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (83)

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. Комисијата за надворешна политика поднесе амандмани на член 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Комисијата за надворешна политика^

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Ристо Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (82).

Дали некој има против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за туристичка соработка.

Минуваме на **<u>8 точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Турција за одбегнување на двојното оданочување по однос на Законот од доход и доходот на капитал, со Предлог на закон.</u>

Дали господинот Бузлевски ќе го застапува предлогот? (Да).

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Турција за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Кој е за, молам да крене рака?(81).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (81)

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува? (Никој).

II/3.-

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (81).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Турција за одбегнување на двојното оданочување по однос на Законот од доход и данокот на капитал

Минуваме на **9 точка** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задругите со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Славко Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господине претседателе, драги пратеници.

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задругите со Предлог. на закон, барам да не се донесе на

ова Собрание бидејќи искажувањето како на задругарите, исто така и на Задружниот сојуз многу кратко време беше за да може Задружниот сојуз и задругите да заземат свој став.

Во името на Задружниот сојуз поднесуваме едно мислење, односно во процедура како да оди овој предлог на закон.

Расправајќи по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за задругите, Извршниот одбор на Задружниот сојуз на Македонија се изјаснува за следното.

Задружниот сојуз на Македонија, односно Извршниот одбор смета дека во овој момент донесувањето на овој закон за измена и дополнување на Законот за задругите е нецелисходен затоа што уште повеќе би ги искомплицирал проблемите околу третманот и организационата поставеност на задругите.

Второ, понудените решенија се недоволно јасни затоа што даденото образложение за причините поради кои треба да се донесе овој закон и самиот законски текст се контрадикторни.

Наведуваме дека согласно член 36 став 2 во Сојузниот закон за задругите, преземени како Републички закон на задругите, стои:"имотот на задругата од став 1 на овој член настанал со работа и работење на тие задругари по 1.07.1953 година, станува задружна сопственост".Со други зборови имотот создаден со средствата кои се акумулирани од вкупното работење на задругата и средствата кои доброволно се внесени од страна на задругарите стануваат задружна сопственост.

Согласно член 32 и 34 од наведениот закон, во 1990 година земјоделските задруги се усогласени со истиот, односно извршена е нивна трансформација.

Извршниот одбор е на мислење, доколку предлагачот на законот

заклучил во своето образложение дека кај задругите не е потребна трансформација туку: само приватизација на дел од имотот на задругите кој е во општествена сопственост, тогаш е неминовно да се издвои прво која е таа општествена сопственост кај задругите па потоа како дел да се приватизира.

Во член 37 став 1 во кој е наведено дека задруги со општествени средства, согласно овој закон, се задругите кои во својот имот имаат вложено средства во општествена сопственост, на која не се стекнати соодветни права. Апсолутно тоа е широк поим во кој може да бидат опфатени сите средства.

Во член 15 став 4 од Законот за задругите јасно стои дека како општествена сопственост во задругите се јавува земјиштето и други средства без тоа точно да се определи кои се тие средства. Тогаш, неминовно е со закон прво тие средства да се определат. Овој законски текст тоа ниту го прави ниту дава можност за начинот на кој тие би се определиле.

Одредбите од член 37 се неприфатливи. Според нив вредноста на средствата во општествена сопственост се утврдува со процена на вредноста на задругата. Ако задругите се титулари на сопственоста во задругата, тогаш не може да се врши процена на вредноста на задругата, туку процена може да се изврши само на делот кој треба да се приватизира, општествената сопственост, затоа што вредноста на имотот на задругата може да ја определат само сопствениците, односно задругарите.

Понатаму согласно член 37, спорно е дали во задругите може да се примени институтот на удел во задругата со оглед на специфичноста на задружната сопственост.

Понатаму е сложена и примамливоста на законот од аспект на утврдување на обемот на општествената сопственост во однос на

задружната. Исто така, се поставува прашањето на усогласеност на член 37 со системските одредби од постојниот Закон за задругите, за стекнување на својство на задруга, според кое купувањето на дел од имотот на општествената сопственост во задругата не може по сила на законот да добие својство на задругар без негова волја.

Со оглед напред наведеното, Извршниот одбор на Задружниот сојуз на Македонија предлага запирање на постапката за донесување на Предлог на закон за измени и дополнувања на Законот за задругите и второ, донесување на републички закон за земјоделските задруги.

Ова прашање ние асоцијацијата на задругите, некаде околу 135 задругари и задруги ја разгледувавме и мислам дека ова прашање е доста тешко. Како најдобар пример да ви кажам дека по селата се јавуваат некаде околу 350 задружни домови. Тие задружни домови сега се во владение на задругата, со кои организации располагаа и како основни средства ги водат кај нив. Јас не знам сега со ова дали сега тие треба вработените да ги купат а знаете вие до тие задруги како се дојдени уште од времето на СРЗ и наваму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници,

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство по Предлогот за донесување на законот за измена на Законот за задругите, имаше две расправи. Притоа беше заклучено, при донесувањето на овој закон да се слушне мислењето на Задружниот сојуз на Македонија, а потоа да се оди на донесување на еден ваков законски акт.

II/7.-

Ако се сеќавате и на седницата на која се симна од дневен ред тогаш овој закон, беше заклучено да се слушне мислењето на Задружниот сојуз. Задружниот сојуз како што истакна пратеникот Котевски даде такво мислење, меѓутоа, на мене ми е жал зошто ова мислење не се најде на пратеничките клупи. Таму се бара овој закон да се симне од дневен ред а да се донесе тогаш кога ние ќе имаме наш македонски закон за задруги.

Господа министри, вие со донесувањето на овој закон што сигурно денес ќе го изгласаат нашите пратеници само затоа што не знаат каква е улогата на земјоделските задруги во развојот на приватното земјоделие и на кое дереџе се најдоа овие задруги што останаа без своите имоти. Сигурно со донесувањето на овој закон имате една цел, а тоа е да го остварите нашиот план за големиот број на приватизирани претпријатија. Тоа значи, таму каде што стигнавте до некои отпори во оваа приватизација да продолжите на помали отпори во земјоделските задруги и со нивна приватизација да покажеме дека навистина годинава имаме добри резултати на овој план.

Во земјоделските задруги нема потреба од приватизација. Овие задруги се на селаните и тие и натаму треба да постојат и да работат само за селаните. Доста е со нашите досегашни експерименти работата на овие задруги.

Инаку, со овој закон, како што е познато, под удар на приватизација треба да се најдат сите задружни објекти освен земја, а рака на срце во нашиве земјоделски задруги одамна нема земја, бидејќи таа земја стариот систем им ја зема и ја додели на земјоделските комбинати.

Последниот закон од бивша Југославија со кој беше речени дека земјоделските имоти мора да им се вратат на задругите, до денес тоа

II/8.-

остана нереализирано. Инаку, според овој закон треба да се приватизираат задружните домови, задружни продавници, штали, селско - стопански дворови, откупни станици за земјоделски производи и се што е задружен имот освен земјоделското земјиште. Овој наброен задружен имот е граден со средства на селаните и на него освен селаните и задругарите што управуваат со него никој нема право на сопственост. Тие се селски и мора да му останат на селото и да му служат на неговите потреби. Затоа дали задружниот имот ќе биде приватизиран или не, ќе си решат селаните со својот Задружен сојуз кој подолго време, за жал, е составен да умира, ка- ко што умира и нашето земјоделство.

Ако денес овој закон биде донесен и се даваат можности и селскиот имот да биде приватизиран, односно да добие нови газди на тој таканаречен народен имот, на задругарството ќе му биде нанесена уште една голема штета. Приватизацијата на задружните имоти мора да оди во пакет со приватизацијата на земјоделските комбинати. Зошто на овој план сега се изземаат овие комбинати?

Господа пратеници и во земјоделските комбинати постојат огромни објекти, огромни штали, фарми, живинарски фарми и што не. Зошто тие сега не се ставени на приватизација.

Сметам дека ќе биде потребно законот за измена на Законот за задругите денес да не биде донесен, односно, повторувам, приватизацијата на задругите да оди во пакет со комбинатите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот за стопанство при Владата на Република Македонија господинот Ристо Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Почитувани пратеници, би сакал само неколку збора да кажам во врска со Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за задругите и покрај тоа што во образложението зошто се носи законот, многу работи се кажани.

Прво, не е добро да се говори дека со свој закон се приватизираат земјоделските задруги. Напротив, со оваа измена не се дозволува приватизација на земјоделските задруги и оние што располагаат со земјоделско земјиште.

Втората работа е што во сите задруги постојат три вида на сопственост: сопственост на задругарот, задружна сопственост и постои општествена сопственост.

Точно е дека во членот што беше цитиран од страна на Задружниот сојуз, од денот на донесувањето на тој закон, тогаш се стана задружна сопственост и тоа никој не го негира.

III/1.- РД/ЉР

**РИСТО ИВАНОВ:** (продолжение)

После тој ден има случаи кога во рамки на сопственоста на задругата се добила општествена сопственост. Не е битно по кој основ. Суштината е овде што во најголем број случаи сопственоста на задругарот и задружната сопственост се во поголем процент од 50-51% и заради тоа што тие задруги не се пререгистрираат во судот како класични приватни претпријатија, неопходно е и оној дел на општествена сопственост да останува да добија титулар. Тоа е кажано во Законот. Истовремено би потсетил дека со утврдувањето на Предлог закон за трговски друштва ќе видите дека во концепцијата сите оние задруги што не се веќе земјоделски задруги фактички спаѓаат во оние групи на претпријатија како стопански субјекти. Оние претпријатија, задруги што се 100% приватни неопходно е заради таквиот статус, како приватни задруги и нивна регистрација во судот треба овој закон тоа да го дозволи. Според тоа, сметам дека не би требало да се прави забуна и да се создаваа атмосфера, дека со овој закон се сака да се приватизираат земјоделските задруги. Напротив, тие се исклучуваат Законот за задругарите продолжува да важи само за земјоделските задруги.

Второто прашање,на овој начин се овозможува заедно со приватизацијата од земјоделското земјиште комбинатите да оди и Законот за земјоделски задруги, односно интегрално ќе се пристапи кон прашањето на приватизацијата на земјоделското земјиште. И истовремено, овде се создава простор во оние задруги кои не се земјоделски, доколку задругарот сака да истапи од задругата да може тоа да го направи. Досега тоа не можеше бидејќи постоеше и задругарска и општествена сопственост. А она прашање дека треба да се смета како поголем број приватизирани претпријатија не е точно, само

сакаме она што во пракса легално постои, каде што се приватни, бидејќи има влогови задругари и задружна сопственост зошто да не може тие претпријатија да се третираат буквално така како приватни и приватизирани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за задругите.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеници)

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на закон?

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека ова Собрание пред малку гласаше за тоа дека го прифаќа Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задругите, што јас исто го поддржувам и гласав "за", треба да преминеме на кон фазата за изјаснување и дали ќе расправаме денеска за Предлог законот и дали ќе го гласаме Предлогот на закон врз основа на досегашните дилеми што беа изнесени , тука а и мои лични други дилеми што се појавуваат врз основа на донесувањето на законот кои можат да произлезат, да не набројувам сега со оглед дека деловнички дискутирам меѓутоа, некој членови од законот се однесуваат и на задруги со кој можат да се внесат дополнителни забуни во

постојните задруги, не само земјоделските задруги кои што имаат општествено земјиште, на пример младински, студентски задруги, со овој закон ако го донесеме вака дефакто ние на пример ќе принудиме студентските задруги при Универзитетот да се приватизираат. Тоа е исто една расправа за која може да се пријде и од еден друг аспект. Затоа предлагам на Собранието на денешната седница да не го разгледуваме и Предлогот на закон,а да ја задолжиме Владата на една од наредните седници да подготви Пред- лог закон и да го достави, па има уште малку време од месец или нешто да се усогласи околу некој делови од Законот кој остануваат неразјаснети, инаку процесот на приватизација на задругите, како што е во предлогот за донесување на закон, мислам дека е прифатлив меѓутоа, некој аспекти треба да се дообјаснат и затоа предлагам денес да не го разгледуваме и донесувањето на законот, туку само да завршиме на оваа фаза, а Владата да предложи на една од наредните седници Предлог на закон. Барам овој предлог да се стави на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е само деловничка интервенција, вие тоа го знаете а предлозите и мислењата како да се постапи вие можете да ги кажете во расправата што претходеше со Предлогот за донесување, а вистинското определување за секој се искажува со гласањето. Затоа дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (23)

Констатирам дека Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлог-законот не е усвоен.

Предлагам заклучок.

Предлогот на законот заедно со расправата што беше овде водена да се упати на Владата и на Министерството за стопанство и врз основа на тие материјали да подготват предлог на закон кој овде ќе биде доставен да се усвојува.

Минуваме на точката 11- Предлог на резолуција за Дојранското Езеро.

Предлогот на резолуцијата, извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Атанасов.

**АТАНАСОВ ГОРГИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Во својство на предлагач на Резолуцијата заедно со пратеникот Никола Г. Поповски сакам да укажам на некој работи во врска со Резолуцијата за Дојранското Езеро, кое веќе 7 години е пример на еколошка катастрофа која за жал досега предизвикуваше повеќе чувства на чудоневиденост и загриженост,отколку мотивираност за конкретна акција.

Некогаш најбогатото со риба Езеро, сега наместо 280 има едвај 90-тина милиони метри кубни вода. И покрај лековитеите својства на Дојранското езерска вода, денес четириесетина современи хотели и одморалишта и над 600 викендички се буквално надвор од употреба за туризмот. Загубите во туризмот и рибарството во намала рака директно е загрозуваат егзистенцијата на жителите од дојранскиот регион. Така 1988 година има остварено околу 300 илјади ноќевања, а годинава се

остварени само 35 илјади ноќевања, до 1988 година годишниот лов на риби изнесуваше околу до 500 тони годишно, а сега изнесува едвај до 100 тона.

Бидејќи нашава држава не располага со безброј езера, сметам дека е непотребно сега да ве замарам со детални објаснувања и убедувања што значи Дојранското Езеро за Република Македонија. Тоа што пак истото го велиме со Република Грција на која и припаѓа 1/3 о езерото во суштина за мене значи две работи: дека заеднички ги делиме неговите благодети и дека заеднички треба да ја поделиме неговата судбина.

Како на човек посебно задоволство ми причинува новиот развој на настаните кои се однесуваат на односите меѓу нас Јужниот сосед. Пред се затоа што сметам дека со отвара поширок простор на кој ќе може да се побараат и други можности покрај оние што се нудат со оваа Резолуција за да се стопираат негативните биолошко- еколошки процеси, односно да се стопира исчезнувањето на ова езеро. Дека оваа претпоставка мислам исчезнувањето на Дојранското езеро не е претерана констатација, констатираа и членовите на Комисијата за екологија, млади и спорт кои се состанаа во Дојран и предложија токму преку резолуција да се укаже на состојбите и проблемите, и да се утврди политика што треба да се спроведува во врска со Дојранското езеро.

Досегашното седум годишно искуство покажа дека многуте симпозиуми, семинари и советувања во врска со Дојранското езеро не придонесоа за подобрување на неговата состојба. Но затоа пак дадоа повеќе мислења, идеи, иницијативи и многу сериозни разработки на повеќе можности за интервенирање во полза на езерото. Сублимирајќи ги сите нив, со Резолуцијата би требало конечно Владата на РМ да ја

прифати и да ја преземе обврската за решаваше на овој проблем. Бидејќи причините за проблемот не се така едноставни, се работи за прекумерно испуштање на вода од Езерото од страна на Република Грција 1988 година, се работи за пренасочување на природните водотеци на грчката територија од езерото во друг правец и најпосле се работи за повеќегодишниот сушен период и негативните хидриолошки услови кои по пат на испарување во просек годишно одземаа и по 30-тин милиони метри кубни вода, повеќе е јасно дека судбината на езерото не може да се препушти како досега се правеше во надлежност на здруженија со многу благородни идеи, на еколошки друштва или пак на месното население.

Во оваа пригода, нудејќи ја оваа Резолуција како документ кој треба да ја обврзи Владата сериозно да се погрижи за ова наше национално богатство, нудиме и неколку варијанти односно неколку идејни решенија. Сите тие се однесуваат на можности да дотур на дополнителни количини вода во Дојранското езеро. Јас би спомнал само две.

Еден дотур на вода од планината Кожув со изградба на под-системот за наводнување на Коњска Река за кој постои проект од 1979 година и кој патем да речам е утврден како прв приоритет во сферата на земјоделието во Програмата за јавни инвестиции на РМ во периодот 1995 до 2000-та година, и кој што проект обезбедува водата да се транспортира по природен гравидиционен пат без да се потроши ниту еден КВч. електрична енергија.

2. Зафаќање на подземни води од бунарското подрачје на с. Ѓавато, со што би се обезбедиле 1000 литри вода во секунда која е со квалитет за пиење. И во двата случаи се работи за вода која има

повеќекратна намена. Покрај задоволувањето на потребите на Дојранското езеро, со водата од Браната Коњско ќе може дас е наводнуваат 6.600 хек. земјоделско земјиште, а водата од подрачјето на с. Ѓавато дефинитивно би го решило проблемот со вода за пиење во целиот Дојрански регион и Богданци.

Но да не должам многу, сето она што ние го предлагаме како варијанта е само дел од лепезата на можни решенија, и првобитна намена ни беше а на тоа не поттикна и мислењето на Владата по понудените варијанти, посебно во делот за дотур на нови количини на вода по која се изразени извесни резерви да поднесеме и амандман на точка 6 од Резолуцијата со која се отвара простор Владата на РМ во соработка со Република Грција да понуди и други решенија. Впрочем, да речам, за нас формата воопшто не е важна. Важен е крајниот резултат да се спаси Дојранското езеро.

Почитувани пратеници, наше е денес, прифаќајќи ја оваа Резолуција, сериозно и позитивно да одговориме на прашањето дали како држава имаме интерес да го спасиме Дојранското Езеро. Останатото да се направи тоа , најсоодветно е да биде обврска на Владата на Република Македонија. Сметам дека тоа може да се направи само со конкретна акција со понудување на закон и тоа што побрзо. Резолуцијата е добра основа за тоа и затоа ве молам. истата да ја усвоиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Резолуцијата.

Предлагачите на Резолуцијата, пратениците Никола Г. Поповски и Горги Атанасов поднесоа амандман за менување на точка 6 и тоа е

составен дел на текстот на Предлогот на резолуцијата.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на Резолуцијата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? /не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Резолуцијата за Дојранското Езеро.

Минуваме на **точката 12** - Барање за давање на автентично толкување на член 49, став 2, од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, "Службен весник на Република Македонија2 број 28/90 поднесено од Истражното одделение на Општински суд Скопје II - Скопје.

Барањето и Извештајот на Законодавно - правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека барањето за давање на автентично толкување на член 49 став 2 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници ("Службен весник на РМ" број 28/90) поднесено од Истражното одделение на Општинскиот суд Скопје II- Скопје не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

2. Овој Заклучок со Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија да се достави до Министерството за правда и до Истражното одделение на Општинскиот суд Скопје II - Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(58) Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Инаку една сугестија на ЗПК и на Службите на Собранието. Подобро е судот да се обрати, отколку Истражното одделение на Судот Може Судот има толкување, па тоа истражно одделение ова истото ќе му го каже, што му го кажа ЗПК. Да се затворат во институциите тие работи.

IV/1 СП/СЛ

**СТОЈАН АНДОВ:(**продолжение)

Во секој случај да не се оптоваруваме премногу.

Минуваме на **точка 13** - Барање за давање на автентично толкување на член 80 од Законот за процесна постапка ("Службен лист на СФРЈ" број 4/77) и член 1 од Законот за јавното правобранителство ("Службен весник на СРМ" број 9/77) поднесено од Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од управата, правосудството, општествените организации и здруженија на граѓаните на Македонија.

Барањето и извештајот на ЗПК, Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 80 од Законот за процесната постапка ("Службен лист на СФРЈ" број 4/77) и член 1 од Законот за јавното правобранителство ("Службен весник на СРМ" број 9/77) поднесено од Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од управата, правосудството, општествените организации и здруженија на граѓаните на Македонија не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани од Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија и Јавното правобранителство.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија да се достави до Министерството за правда и до Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од управата, правосудството, општествените организации и здруженија на граѓаните на Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(53).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласаше?(Никој).

Молам, да се утврди точен број на присутни пратеници во салата.

Има 55 пратеници.

Молам, пратениците да влезат во салата.

(во салата има 63 пратеника).

Продолжуваме со работа.

Молам, кој е за предложениот заклучок да крене рака?(64).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 14** - Барање за давање на автентично толкување на член 11 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на Република Македонија" број 34/92 и 3/93), поднесен од Општественото претпријатие "Максигнал" - Скопје.

Барањето и Извештајот на ЗПК Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 11 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на Република Македонија" број 34/91 и 3/93), поднесен од Општественото претпријатие "Максигнал" - Скопје не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

IV/3.-

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија да се достави до Министерството за финансии и до Општественото претпријатие "Максигнал" - Скопје.

Кој е за предложениот Заклучок, молам да крене рака. (65)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Минуваме на **точката 15** - Барање за давање автентично толкување член 14 став 1 точка 3 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на РМ" бр. 34/92 и 3/93), поднесено од претпријатието за внатрешна и надворешна трговија и производи "БРОСС- КО" - Скопје.

Барањето и Извештајот на ЗПК Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 14 став 1 точка 3 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на РМ" број 34/92 и 3/93), поднесено од претпријатието за внатрешна и надворешна трговија и производство "БРОСС-КО"- Скопје не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причини- те содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно- правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави

Министерството за финансии и до Претпријатието за внатрешна и надворешна трговија и производство "БРОС-КО" - Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 16** - Барање за давање на автентично толкување, поднесено од Одделението за девизна инспекција при Министерството за финансии.

Барањето и Извештајот на Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара Збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување поднесено од Одделението за девизна инспекција при Министерството за финансии не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно- правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Министерството за финансии и до Одделението за девизна инспекција при Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (6 0 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата, гласаа само 60.

60 пратеници се присутни, не можеме да гласаме.

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Добро, можеме да гласаме.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(61 пратеник).

Дали е некој против" (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 17** - Барање за давање автентично толкување на член 42 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" број 36/90) поднесено од АД "Галеб" - Охрид.

Барањето и Извештајот на Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 42 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" број 36/90), поднесено од АД "Галеб" - Охрид не е оправдано и дека нема потреба од

автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно- правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Министерството за сообраќај и врски и и до АД "Галеб"-Охрид.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

Ве молам, уште еднаш да утврдиме колку пратеници имаме внатре во салата.

Јас ги молам пратениците викнете ги да седнат на своите места, работиме со 61 пратеник, па стално некој излегува и стално некој ни недостига. Донесуваме многу важни одлуки и нема неважна одлука сите се важни.

Сега имаме 61 пратеник.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (60 пратеници).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Молам да утврдиме точен број на присутни пратеници.

Ве молам еден не гласал.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точката 18</u>** - <u>Барање за давање на автентично толкување на одредбите на член 15 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, поднесен од Окружниот суд Скопје.</u>

Барањето и Извештајот на Законодавно – правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкуваше на одредбите на член 15 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, поднесено од Окружниот суд Скопје не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно- правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Министерството за правда и до Окружниот суд Скопје.

Кој е за предложениот заклучок? (62 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точка 19</u>** - <u>Барање за автентично толкување на член 60 од Законот за игри на среќа и забавни игри на автомати ("Службен весник на РМ" број 17/87, 26/87, 51/88, 36/89 и 4/93), под несено од Хотелско-угостителското претпријатие АД"Македонијатурист" Скопје.</u>

Барањето и Извештајот на Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на членот 60 од Законот за игри на среќа и за- бавни игри на автомати ("Службен весник на Република Македонија" број 17/87, 26/87, 51/88, 36/89 и 4/93), поднесено од Хотелско- угостителското претпријатие АД "Македонијатурист" - Скопје не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно- правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Министерството за финансии и до Хотелско-угостителското претпријатие АД "Македонијатурист" - Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(61 пратеник).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува, од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 20** - Барање за давање на автентично толкување на членовите 129 и 130 од Законот за банките и штедилниците ("Службен весник на РМ" број 31/93 и 78/93}, поднесено од Стопанскиот суд на Македонија.

Барањето и Извештајот на Законодавно - правната комисија. ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

IV/9.-

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на членовите 129 и 130 од Законот за банките и штедилниците ("Службен весник на РМ" број 31/93 и 78/93) , поднесено од Стопанскиот суд на Македонија не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно- правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави со Министерството за финансии и до Стопанскиот суд на Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (63 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 21** - Барање за давање автентично толкување на член 28 став 1 точка 13 од Законот за царините ("Службен весник на Република Македонија" број 20/93), поднесено од Трговското и надворешно трговското претпријатие "Хромос" - Друштво со ограничена одговорност - Скопје.

Барањето и Извештајот на Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

IV/10.-

1. Собранието констатира дека Барањето за автентично толкување на член 28 став 1 точка 13 од Законот за царините ("Службен весник на Република Македонија" број 20(93), поднесено од Трговското и надворешно трговското претпријатие "Хромос" - Друштво со ограничена одговорност - Скопје не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно- правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Министерството за финансии и до Трговското и надворешно трговското претпријатие "Хромос" - Друштво со ограничена одговорност.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (63 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 22** - Барање за давање на автентично толкување на член 1 од Законот за висината на стапката на затезната камата ("Службен весник на РМ" број 65/92 и 70/93), поднесено од ЈП "Електростопанство на Македонија" со Ц.О. Скопје, погон РЕК "Битола" Суводол - Битола.

Барањето и извештајот на ЗПК Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 1 од Законот за висината на стапката на затезната камата ("Службен весник на РМ" број 65/92 и 70/93), поднесено од ЈП "Електростопанство на Македонија" со Ц.О. Скопје, погон РЕК "Битола" - Суводол- Битола не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија ан Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со извештајот на Законодавно- правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Министерството за финансии и до ЈП "Електростопанство на Македонија" со Ц.О.- Скопје, погон РЕК"Битола"-Суводол- Битола.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Молам да утврдиме точен број, еден се воздржува од гласаше, двајца.

V/2.-

Молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата. Гласаа 58. ВО салата се 69 пратеници, а 60 гласа. Ве молам за гласање сме тука.

Сепак констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точка 23</u>** - <u>Барање за давање автентично толкување на член 24 од Законот за данок на имот("Службен весник на РМ" број 80/93), поднесено од ГП "Маврово"- Скопје .</u>

Барањето и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 24 од Законот за данок на имот ("Службен весник на РМ" број 80/93), поднесено од ГП "Маврово"-Скопје, не е оправдано и дека нема потреба од^автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија да се достави до Министерството за финансии и до ГП "Маврово"-Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање" (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

V/3.-

Минуваме на **<u>точката 24</u>** - <u>Барање за давање на автентично толкување на членовите 41,140 и 152 од Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација ("Службен лист на СФРЈ" број 84/89), поднесено од Акционерското друштво во мешовита сопственост за производство и промет со обувки, кожна галантерија "Бебека" - Охрид и Акционерско друштво "Илинден"-Охрид.</u>

Барањето и извештајот на ЗПК,Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на членовите 41, 140 и 152 од Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација ("Службен лист на СФРЈ" број 84/89), поднесено од Акционерското друштво во мешовита сопственост за производство и промет со обувки, кожна галантерија "Бебека" - Охрид и Акционерско друштво "Илинден"-Охрид, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до Министерството за финансии, до Акционерското друштво во мешовита сопственост за производство и промет со обувки и кожна галантерија "Бебека" Охрид и до АД "Илинден" - Охрид.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

67 гласаат за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

V/4.-

Минуваме на **точка 25** - Барање за даваше автентично толкуван>е на член 113 став 1 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на РМ" број 38/93), поднесено од Друштвото со ограничен одговорност од мешовита сопственост за трговија "Прехрана" Експорт-импорт - Битола и Производствено - прометно, услужно , општествено претпријатие "Славеј"-Прилеп.

Барањето и извештајот на ЗПК Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 113 став 1 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на РМ" број 38/93), поднесено од Друштвото со ограничена одговорност од мешовита сопствениот за трговија "Лрехрана" Експрот-импорт - Битола и Производствено - прометно, услужно, општествено претпријатие "Славеј"-Прилеп не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на РМ.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до Владата на РМ и до Друштвото со ограничена одговорност во мешовита сопственост за трговија, "Прехрана" експорт-импорт - Битола и до Производственото -прометно услужно, општествено претпријатие "Славеј"-Прилеп.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(67)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точката 26</u>** - <u>Барање за давање на автентично толкување на член 12 став 3,4 и 5 од Законот за сметководство ("Службен весник на РМ" број 42/93), поднесено од "Центарот за економско правен консалтинг"-Скопје.</u>

Барањето и извештајот на ЗПК ВИ се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г—динот Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас накратко само ќе го потсетам овој Парламент дека во автентично толкуваше е поврзано со измените и дополнувањата на Законот за сметководство кој јас го предложив, а овој Парламент го усвои во врска со издавањето на сертификатите за овластени книговодители односно сметководители.

Јас сум должен да го информирам овој Парламент дека иако Парламентот го пролонгира овој закон да се примени за една година до ден денеска скоро ништо не е преземено во оваа сфера од аспект на изготвување на критериуми, од аспект на полагање на испити и од аспект на стекнување на тие звања за организацијата за која Комисијата мисли дека треба да е таа стручна организација. Почнувајќи од оваа реална состојба јас мислам дека ние треба да го модифицираме заклучокот кој е предложен од страна на Комисијата со цел Владата на Македонија да се задолжи најдоцна до 31.12. оваа година предложи измени и дополнувања на овој закон да го редефинира поимот на стручна организација, согласно позитивните законски прописи да утврди точност со свој акт која е таа организација и со овие нови измени кои ќе мора да се направат во овој закон пак ќе бидеме приморани да ја пролонгираме

примената на член 12 од Законот за сметководство.

За да не должам повеќе јас предлагам овој заклучок да биде дополнување на ова автентично толкување и да гласи како што следи "да се задолжи Владата на РМ најдоцна до 31.12.1995 година да предложи измени и дополнувања во оваа сфера во смисла на редефинирање на постојното решение и прецизирање на истото."

Јас укажувам дека навистина овој проблем е голем проблем и во практиката се толкува различно и до ден денеска не постои акт од страна на Владата во кој ќе се назначи дека таа стручна организација е организацијата на која пледира Законодавно - правната комисија Мислам дека овој Парламент ќе искаже разбирање за ова прашање и ќе и наложи на Владата да не ги прејудицира законските решенија како што ги има прејудицирано кога е изготвен Законот за сметководство и тогаш се мислело дека единствена организација е тој Сојуз за сметководители и финансиери на Македонија. Но, дејуре таа организација не е и дефакто не е, па во таа смисла предлагам Парламентот да го прифати овој заклучок и да и наложи на Владата да се зафати сериозно за оваа проблематика ако сакаме да имаме адекватни сметководители со сертификат, како што ги имавме ревизорите за проценка на општествениот капитал или како што ги имаме адвокатите со полагање на тие испити. Јас сум против тоа за оваа работа да се оди површно и да се даде во компетенција на организација која објективно ни стручно ни дејуре не е оспособена да ги врши тие работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како што го слушнавте г-динот Руфи Османи зборува за потребата за евентуална измена и дополнување на Законот. Тоа е сосема друга работа, тоа не е работа на толкување на постојниот закон. Затоа тој

заклучок не спаѓа во оваа точка на дневен ред.

Дали некој друг бара збор? Г-динот Османи повторно.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само кратко би укажал на она што е заклучок на Комисијата кој гласи: "Меѓутоа, со оглед на тоа што во практиката се присутни проблеми и дилеми околу тоа што се подразбира под поимот стручна организација, Комисијата укажува на потребата од допрецизирање на оваа одредба од Законот".

Колку се разбирам во правото, а не се разбирам значи допрецизирање значи измена и дополнување на Законот во смисла на таксативно назначување што се подразбира под таа организација. Ова само како дообјаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа што го пишува е добро само не е проблемот во толкувањето, туку во допрецизирањето. Тоа е предмет на дополнување и изменување.

Има збор г-динот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Институтот автентично толкување е специфичен и регулиран согласно Деловникот и ЗПК постапува по тие деловнички одредби и строго придржувајќи се се изјаснува дали има потреба од автентично или таканаречено изворно толкување или нема. Во тој дел разгледуваат одредени прашања во смисла на извештајот.

За пратеникот Руфи Османи што се однесува сметам дека и претседателот во овој дел не би можел да влезе такво заклучок бидејќи тој заклучок произлегува од самата измена на членот 87 од Законот за сметководство кој пратеникот Руфи Османи го предложи и ова Собрание по сила на закон ја има задолжено Владата бидејќи влегува во сила, тој рок го продолживме за една година и мислам дека правото на предлагачот, не би требало да инсистира Руфи Османи бидејќи целото Собрание и ЗПК тогаш дадоа поддршка и последните укажувања кои ги кажа Руфи Османи налагаат потреба и ако се потсетиме мислењето ан Владата беше во таа смисла. Укажувањето на Руфи Османи е во смисла на обврските кои Владата треба да ги преземе и кои ги презеде со тој заклучок од ова Собрание, бидејќи таа ќе се јави како предлагач до истекот на рокот од една година, а доколку не се јави сигурно тогаш укажавме дека ќе се јави овластениот предлагач Руфи и бевме сите сложни во однос на тоа што значи стручна организација и затоа го молам во овој дел нема потреба од инсистирање и не треба да се бара и предлагам како што е даден заклучокот од претседателот на Собранието да се прифати, а обврската останува и понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сосема точно. Според тоа Владата си идам своја обврска тоа е во ред, но овде текстот на заклучокот треба да си остане како што е предложен од Комисијата.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на членот 12 ставовите 3,4 и 5 од Законот за сметководство

("Службен весник на РМ" број 42/93,48/93 и 6/95) поднесено од Центарот за економско - правен консалтинг не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на РМ.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до Министерството за финансии и до Центарот за економско - правен консалтинг.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(59).

Дали ма некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Само едно дополнување заклучокот и Извештајот да се испрати, како и текот на расправата по овој проблем, до Владата и до овие адресати кои ги спомнав.

Минуваме на **точката 27** - Барање за давање на автентично толкување на членот 15 од Законот за данок на промет на производи и услуги ("Службен весник на РМ" број 34/92,62/92,3/93 и 4/93) поднесено од "Економски центар" - Скопје.

Барањето и извештајот на ЗПК Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на членот 15 од Законот за данок на промет на производи и услуги ("Службен весник на РМ" број 34/92,62/92, 3/93 и 4/93) поднесено од "Економски центар" - Скопје не е оправдано и дека нема потреба од

автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на ЗПК на Собранието на РМ.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до Министерството за финансии и до "Економски центар"-Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на точка 28- барање за давање на автентично толкување на член 21 став 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија број 29/92, 4/93 и 29/93), поднесено до Народна банка на Република Македонија.

Барањето и извештајот на ЗПК Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека барањето за давање автентично толкување на членот 21 ставот 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија број 29/92, 4/93 и 29/93), поднесено од Народната банка на РМ, не

е оправдано и дека нема потреба од- автентично толкување на овој член од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

2. ОЕОЈ заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави во Министерството за финансии и до Народната банка на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок , молам да крене рака?(64)
Дали има некој против? (нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)
Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

VI/2.-

Минуваме на 29-та точка - Барање за автентично толкување на член 54 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија број 80/93) , поднесено од Основното училиште "Фаик Коница" од с. Дебреше -Гостивар.

Барањето и извештајот на ЗПК Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам ,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието констатира дека барањето за давање на автентично толкување на членот 54 од Законот за работни односи ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93), поднесено од основното училиште "Фаик Коница" од с. Дебреше - Гостивар не е оправдано дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК да се достави до Министерството за образование и физичка култура и до основното училиште "Фаик Коница" с. Дебрише - Гостивар.

Кој е за предложениот заклучок , молам да крене рака?(63)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

VI/3.-

Минуваме на 30-та точка од дневниот ред- Барање за давање на автентично толкување на член 147 од Законот за насоченото образование ("Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" број 16/85, 2/86, 22/86, 7/88, 18/89,29/89,10/90,12/90,29/90 ,11/91 и "Службен весник на Република Македонија " број 4С/91 и 14/94, поднесен од Ученичкиот дом Нарсден Херој "Орде Чопела"- Прилеп.

Барањето и извештајот на ЗПК , Ви се доставени.

Отворам претрес. .

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието констатира дека барањето за давање на автентично толкување на членот 147 од Законот за насоченото образование "Службен весник на СРМ" број 16/85, 2/86,29/86,7/88,18/89,29/89, 10/90,12/90,29/90 и 11/91 , "Службен весник на РМ" број 40/91 и 14/94 поднесено од Ученичкиот дом Народен Херој "Орде Чопела " од Прилеп, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до Министерството за образование и физичка култура и до Ученичкиот дом Народен Херој "Орде Чопела"-Прилеп.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(63)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)
Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

VI/4.-

Минуваме на **<u>31-та точка</u>** од дневниот ред - <u>барање за давање автентично толкување на член 58,59 и 60 од Законот за општа управна постапка ("Службен лист на СФРЈ" број 47/86, поднесено од Центарот за маркетинг трговија по операција и услуги "Гранди"-Скопје</u>

Барањето и извештајот на ЗПК , Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам ,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието констатира дека барањето за давање автентично толкување на член 58,59 и 60 од Законот за општа управна постапка ("Службен лист на СФРЈ" број 47/86, поднесено од Центарот за маркетинг трговија по операција и услуги "Гранди"-Скопје не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкуваше на овој член од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на РМ.

2. овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до Министерството за правда и до Центарот за маркетинг, трговија, кооперација и услуги 2Гранди"-Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(64)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>32-та точка</u>** <u>- Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на работната организација за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст "Весели Цветови"-Делчево.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и ЗПК, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам ,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Кој е за предлогот на одлуката , молам да крене рака?(63)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на статутот на Работната организација за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст "Весели Цветови"-Делчево.

Минуваме на **33-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за давање согласност на статутот на Јавната здравствена организација Завод за превенција, лекување и рехабилитација за хронични респираторни не специфични и алергиски заболувања - Отешево.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и ЗПК, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам ,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?(64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на статутот на Јавната здравствена организација Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево.

Бидејќи сега не можеме да работиме по двете точки што ги одложивме, ја прекинувам работата.

Утре во 10,00 часот продолжуваме со работа со нова седница.

(Седницата прекина со работа во 15,00 часот).